Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 111/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) и (Сл. Весник на РСМ бр. 89/22 и 171/22), Министерство за транспорт и врски, на ден ___________ година, донесе

**Одлука за спроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-инфраструктура, Е-1.13 Површински и соларни фотоволтаични електрани (над 10 MW) КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево, потребно е да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.
2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Министерство за транспорт и врски, www.mtc.gov.mk .
3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Урбанистички план за подрачја и градби од државно значење за група на класа на намена Е-инфраструктура, Е-1.13 Површински и соларни фотоволтаични електрани (над 10 MW) КО Негрево и КО Црник, Општина Пехчево, ќе има влијание врз животната средина.
   Обемот на извештајот за стратегиска оцена треба да ги опфати следните аспекти: здравје на населението и социоекономски развој, заштита и управување со емисиите во воздух, вода, почва, управување со емисии од бучава, вибрации, отпад, заштита и унапредување на пејзажот, заштита на културно и природно наследство, материјални добра, управување со несреќи и хаварии.
4. Против оваа одлука јавноста има право на жалба до Државна Комисија за одлучување на управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 21-843/8
Датум: 18.08.2023
Место: Скопје

Министер
Благој Бочварски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА * REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ * MINISTRIA E TRANSPORTIT DHE LIDHJEVE
СКОПЈЕ - SHKUP